АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11-07-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3230 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 28.02.2017 до 31.12.2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11.07.2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот, **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Според доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш број 03-2165/1 од 27.04.2018 година, 03-2165/2 од 06.07.2018 година и 03-2165/3 од 10.07.2018 година), Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, од буџетот наменет за програми во 2017 година, издвоило **10%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Европските аудиовизуелни дела од независни продуценти наведени во податоците доставени од радиодифузерот се произведени во последните пет години.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***